**И З В Е Ш Т А Ј**
**од контролниот надзор врз програмскиот сервис на**
**ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип,**
**емитуван на 12 јануари 2015 година**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 26.01.2015

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 602 | 1 | |


***<u>Предмет на надзорот:</u>***

- **Член 54 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (во спонзорираните аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или програми треба да биде јасно означено дека се работи за спонзорирана програма)

*На 02.12.2014 година, за непочитување на член 54 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатирано со вонредниот надзор извршен на 2 декември 2014 година, врз програмскиот сервис емитуван на 24 ноември 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***<u>Констатации:</u>***

Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, емитуван на 12 јануари 2015 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **<u>во целост постапил по решението</u>**, односно ја отстранил извршената повреда на член 54 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*26.01.2015 година*